Врз основа на чл.5 од Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група (Сл.весник на Р.М бр.113/07 од 20.09.2007 година), Советот на Бекташиската верска заедница– Кичево, на седницата одржана на 01.07. 2016 год. донесе:

# С Т А Т У Т
# НА
# БЕКТАШИСКА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА

**Член 1**

Бекташизмот е концепт на човештвото, кој концепт е роден заедно со човекот, појавен уште од пророкот Адем (Адам), па се до пророкот Мухамед, а развиен од Хаџи Бекташ Велиу, чие начело е врвното усовршување на духовните особини кај човекот.

**Член 2**

Бекташиска Верска Заедница со седиште во Кичево, е самостојна верска институција, која негува Бекташиска вероисповед и врши нејзино внатрешно организирање во согласност со канунските правила .

**Член 3**

Бекташиска верска заедница има својство на правно лице.

Седиштетото на Бекташиската верска заедница е во “Хадр Баба Теќе“ на ул.“Јанко Михајлоски“ бр.84 во Кичево.

**Член 4**

Печатот на Бекташиска верска заедница:

- Изгледот на Печатот на Поглаварството на БВЗ е округл, со текст “Бекташиска верска заедница“ , напишан на Македонски, Турски и Албански јазик, а на средината е нацртан Таџ и Теслим Таш (ѕвезда со 12 крака).

- изгледот на Печатот на родителствата е округлен, со текст “Бекташиска верска заедница“, “Родителство _______“ , (име на родителството од чл.18 од овој Статут), напишан на Македонски, Албански и Турски јазик, а на средината е нацртан Таџ и Теслим Таш (ѕвезда со 12 крака).

**Член 5**

Бекташиска верска заедница со седиште во Кичево, ќе го nosi следниот натпис: Бекташиска верска заедница.

## *II. ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА БЕКТАШИСКА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА*

**Член 6**

Основната цел на Бекташиска верска заедница (во натамошниот текст БВЗ) е реализирање на Бекташиските вредности, определени со Статутот на Бекташиска верска заедница.

Бекташизмата е Ехли Бејтско учење, практично Исламска верска доктрина, која ги има своите корени во Светиот Коран (Кур`ан), во учењата на Пророкот Мухамед и на дванаесетте Свети Имами .

**Член 7**

Во реализирање на односните задачи, БВЗ е должна да ги почитува правните прописи кои ја регулираат правната позиција на верските заедници.

**Член 8**

За спроведување на Бекташиските начела согласно овој Статут, БВЗ го следи и постапува во согласност со канонските правила кои произлегуваат од Бекташиската верска заедница, а ги почитува и соработува со сите Цркви, Верски заедници и Религиозни групи во РМ., почитувајќи го и постапувајќи согласно Уставот, Законите и правниот поредок на Република Македонија.

БВЗ ги негува неприкосновените догматски начела и светата Бекташиска традиција.

**Член 9**

Бекташиското свештенство, паралелно со верските чувства кај мухибите и ашиците, ќе развиваат и чувство на верност, како и чувство на патриотизам, па затоа свештениците и функционерите на БВЗ треба да бидат чесни и верни спрема народот и Р.Македонија.

**Член 10**

Предавањето, посветувањето и градацијата на бекташиското свештенство се врши според правилата и традиционалните верски догми, во согласност со Бекташиска верска заедница и одредбите на овој Статут.

**Член 11**

Свештеник кој може да проповеда и врши функција во БВЗ, мора да биде писмено овластен од Врховниот Поглавар на БВЗ и со писмена согласност на Советот на Бекташиската верска заедница.

**Член 12**

Односите на БВЗ со државата се градат врз основа на Уставот на Република Македонија, и се реализираат во согласност со законските одредби кои се однесуваат на верските заедници.

**Член 13**

Поглаварот на Бекташиската верска заедница е воедно и Дедо, именуван согласно со канунските правила на Бекташизмот и Советот на Бекташиската верска заедница. Исто така, како духовен водач, ја претставува БВЗ во земјата, штитејќи ги нејзините интереси.

**Член 14**

Свештенички звања, од мухиб (vernik) до родител, се добиваат единствено од Дедото-Врховниот поглавар на БВЗ, кој има звање "Негова Светост", согласно со канонските правила на Бекташизмата.

## *III. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА БЕКТАШИСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА*

**Член 15**

Бекташиска верска заедница се состои од: Дедоството, Родителства и Дервишии, кои пак во својот состав имаат:

1.Ашици,
2.Мухиби, и
3.Свештеници;

**Член 16**

Верската организацијата на ниво на Дедовството, ја утврдува ИЗВРШЕН И УПРАВЕН СОВЕТ НА БЕКТАШИСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА (во понатамошниот текст – Совет на БВЗ) . Претседател на Изврршен и управен совет на Бекташиската Верска заедница е лицето Гафур Ибраими од Колибари, s. Зајас, Кичево.

**Член 17**

Во територијален делокруг, во верска и административна зависност на Дедовството, спаѓаат следните верски центри како Родителства:

1. "Хадр Баба Теќе" - ул."Јанко Михајлоски" бр.84 во Кичево;
2. "Арабати Баба Теќе" - ул."Љуботенска" бб, Комплекс - Тетово;
3. "Дикмен Баба Теќе" - Канатларци, Прилеп;
4. "Дервиш Али Теќе" - Наколец, Преспа;
5. "Баба Али Теќе" - Битола;

и други Теќиња и Тулбиња, кои ќе бидат формирани vo idnina.

**Член 18**

Во верска зависност на Родителствата, може да постојат една или повеќе Дервишии, каде се изведуваат едноставни верски церемонии.

**Член 19**

Дедовството, родителствата и дервишиите со посебно овластување од страна на Извршниот и управен совет на БВЗ, може да настапуваат во правиот промет спрема трети лица, како посебни правни субјекти.

## *IV. ОРГАНИ НА БЕКТАШИСКА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА*

**Член 20**

**Органи на БВЗ се:**

1. Совет на дедовството,
2. Совети на родителствата,
3. Совети на дервишиите,
4. Извршен и управен совет кој раководи со имотот и администрација на БВЗ, и
5. Извршен и управен совет на ниво на секое родителство-теќиња при БВЗ.

**Член 21**

При Дедовството функционира Совет на дедовството, кој го раководи Дедото, и се состои од најмалку 3, а најмногу 7 свештеници (Татковци, Дервиши), кои се од редот на духовни водачи од Родителствата и Дервишиите.

**Член 22**

Советот на дедоvството, родителството и дервишијата се избира за време од 4 години, и се состанува најмалку двапати годишно или по потреба. Советот го свикува старешината или 1/3 од ефективното членство.

**Член 23**

Ефективно членство на советот се сметаат свештениците од градациите - дедо, татко, дервиши и мухиби.

**Член 24**

При секое Родителство, функционира Совет на Родителството, кој го раководи Председателот и 4 мухиби избрани со јавно гласање, од нивните редови, со просто мнозинство од присутни мухиби. Мухибите треба да бидат од територијалната јурисдикција на родителството.

**Член 25**

При секоја Дервишија, функционира Совет на дервишијата, кој го раководи Председател и 2 мухиби, избрани со јавно гласање од нивните редови, со просто мнозинство од присутни мухиби. Мухибите треба да бидат од територијалната јурисдикција на дервишијата.

**Член 26**

Извршниот и управниот совет на БВЗ се состои од 19 члена. Овој совет раководи со имотот и администрацијата на БВЗ, и има задача да одлучуваат за административни и финансиски прашања, и да се грижи за благосостојба на теќињата и дервишиите од верски и економски аспект.

Членовите на овој Совет, ги предлага и избира Извршниот и управен совет при родителствата.

Конститутивна Седницата на Советот, ја свикува генералниот секретар на БВЗ по предлог на Советот на родителствата.

Извршниот и управниот совет во присуство на сите 19 членови, избира Председател од својот состав, со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на Советот.

Неговата улога е да го претставува Извршниот и управниот совет, тој раководи со седниците на Советот, кои ќе ги свикува лично или на предлог на 1/3 од членовите на Советот.

Извршниот и управниот совет во присуство на сите 19 членови, од својот ред избира Благајник на Советот.

Одлуките на Советот ќе се носат со 2/3 мнозинство од сите членови на Советот.

Генералниот секретар на БВЗ се предлага и избира од страна на Извршниот и управниот совет со 2/3 мнозинство од сите 19 члена. Мандатот му трае 4 години, со можност за повторен избор.

**Член 27**

Извршниот и управниот совет на ниво на родителство се состои од 5 члена. Овој совет, раководи со имотот и администрацијата на родителството, и има задача да одлучуваат за административни и финансиски прашања, и да се грижи за благосостојба на своето теќе и дервишија од верски и економски аспект.

## *V. БЕКТАШИСКО СВЕШТЕНСТВО*

**Член 28**

Бекташиското свештенство на БВЗ го сочинуваат:

1. Дедото,
2. Татковците, и
3. Дервишите;

**Член 29**

Врховниот поглавар на БВЗ - Дедото, ги има следните задачи:

1. Присуствува на седниците на Извршниот и управниот совет на БВЗ, без право на глас,
2. Ги почитува одлуките на Советот на БВЗ,
3. Се грижи за навремено спроведување на верските церемонии на заедницата.
4. Се грижи за пополнување на слободните места во родителствата и дервишиите.
5. Одржува врски со Бекташиски заедници, надвор од земјата.
6. Извршува верска служба за која го обврзуваат традиционалните канонски Бекташиски догми и правила.
7. Наименува татковци, дервиши и мухиби според верските канони и догми.

Во сите дејства, Дедото го помагаат, дедовци или татковци диспоненти.

**Член 30**

Освен од Генералниот секретар и Претседателот на Советот на БВЗ, Дедото односно таткото, е придружуван од двајца дедовци или татковци диспоненти.

**Член 31**

Дедовците, односно татковците диспоненти, немаat право на управување со некое дедовство или родителство,а вршат samo мисии за кои се овластени од Дедото, и го заменуваат него кога неговото место од било кои причини останува празно.

Предност во замена, има постариот посветен дедо, односно татко диспонент.

**Член 32**

Дервиш, татко и дедо при изборот на повисока функција, полага заклетва пред Советот на Дедовството според формулата – догма, канунски утврдена.

**Член 33**

Дедотото односно таткото, е Духовен водител на Дедовството, и ги ужива сите права кои ги гарантираат традиционалните канунски бекташиски правила, и одредбите на овој статут.

**Член 34**

Дедото односно таткото, делува воглавно од неговото седиште во Кичево, кое има статус на Света Столица, и е придружуван од дедовци или татковци диспоненти, од личниот секретар, и свештеничкиот или лаичкиот персонал. Сите бекташиски верници при комуникација со Дедото, му се обраќаат со вербалната симболика “Ваша пресветост“ , а со таткото со “Ваша Светост“.

**Член 35**

**Правата и обврските на Извршен - управен совет кој раководи со имотот и администрација на БВЗ:**

1. Да управува и располага со целиот имот на БВЗ, од верски и административен аспект согласно Бекташиските норми, Статутот и законите во сила;
2. Секоја одлука која се однесува за имот на одредено теќе, мора да се спроведе со претходна писмена согласност од Извршно-управен совет на родителство, на односното теќе;
3. Да го претставува Дедовството пред државни и локални organi;
4. Да придонесе за зголемување и чување на имотот на БВЗ, и да врши други дејности во полза на општите интереси на БВЗ;
5. Да ја извршува, и дава потребната помош и упаства за извршувања на верски служби;
6. Одлучува за издавањето под наем на недвижниот имот, на други правни или физички лица, по пат на јавно наддавање или со писмени понуди, по претходна согласност од Извршно-управен совет на родителство, на односното теќе, кој управува непосредно со односниот имот;
7. Обврска да побара законска заштита од државата, за објектите кои имаат историска вредност;

8. Пресметува и завршна исплата, за конзервација и поправка на објектите, кои имаат историска, уметничка и етнографска вредност или важност, под дополнителна техничка контрола и прием на извршените работи, од страна на посебна Комисија, која со записник ќе ја констатира состојбата. За работи во конзервирање и поправки со изведувачи на работите може да се договараат и аванси.

**Член 36**

**За да се посвети Дервиш, Татко или Дедо, треба да ги исполнат следните услови:**

1. Да видел ерќан на муџеретството;
2. Да поседува високо ниво на општи и специјализирани познавања од верски и научен Карактер;
3. Да поседува квалитети на личност со висок етички и културен формат;
4. Да се однесува дисциплинирано, и да ги спроведува верските правила и научените знаења;
5. Да поседува – праведност, љубезност, толеранција и разбирање спрема луѓето, и
6. Да се докажал во исполнување на неговата мисија како водач и да покажал способности на добар управувач;

Мандатот на Таткото е неограничен, Таткото може да биде отповикан од Советот на БВЗ, ако работи спротивно од Бекташиските правила и овој Статут.

**Член 37**

Изборот на Таткото се врши по предлог на мухиби од заинтересираното теќе, поднесена во писмена форма до Врховното Поглаварство БВЗ.

Пред изборот кандидатот подлегнува на верска контрола и контрола на човечките особини од страна на советот на дедовството.

## *VI. УЧИЛИШТА, ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ И ИЗДАНИЈА НА БЕКТЕШИСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА*

**Член 38**

Со одлука на Советот на БВЗ, може да се основаат верски училишта за професионално подготвување и унапредување на бекташиското свештенство.

**Член 39**

Одредбите за организирање и функционирање на верските училишта, и за училишните програми, императивно се определуваат според наследени, традиционални канунски правила на БВЗ, и научно-просветни програми соодветни на верско и научно унапредување.

**Член 40**

Советот на БВЗ врз основа на соодветните одредби на Законот, може да издава книги и верски списанија со полезна содржина за бекташиското учење, свештенство и за народот.

Условите за функционирање на верските списанија поблиску се уредуваат со Општиот правилник на управувањето.

**Член 41**

Училиштата и изданијата се финансираат од определени фондови на буџетот на БВЗ, или по основ на донации.

**Член 42**

За ширење и негување на бекташиската традиција и култура БВЗ може да основа библиотеки и музеи.

**Член 43**

Советот на БВЗ со општ акт ја уредува внатрешната организација на училиштата, начинот на одржување на наставата ја определуваат Органите на училиштата и нивните компетентни лица како и времетраењето на учебната година.

**Член 44**

Наставниот план и програми ги утврдува Советот на БВЗ, врз основа на претходен предлог од наставничкиот совет и согласност од Дедото, односно таткото.

**Член 45**

Сите училишта и институции, подлежат на непосредна контрола на Советот на БВЗ. Верските училишта се должни во време од еден месец, по завршување на учебната година, на Советот на БВЗ да му поднесат писмен Извештај за нивната работа. Според потребата, Ізвештаи се поднесуват секогаш кога тоа ќе го робара Советот.

Верските интитуции на Советот му поднесуваат извештај за нивната работа, за финансиската состојба по завршување на буџетската година, и по барање на Советот и во текот на буџетската година.

## *VII. ИМОТОТ, БУЏЕТСКИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

**Член 46**

Целиот имот кој му припаѓа на Дедовството, Родителствата и Дервишиите го сочинува имотот на БВЗ.

**Член 47**

По однос на намената, имотот на БВЗ се дели на: свет имот и обичен имот.

Светиот имот служи за изведување на бекташискиот култ, и тој имот е неотуѓив.

Обичниот имот подлежи на правилата за управување на вообичаениот имот, и може да се применуваат сите дозволени трансакции од морален и законски аспект, при неговиот промет и зголемување.

**Член 48**

Имотот со кои располагаат Дедовствата, Родителствата и Дервишиите го управуваат нивните органи, врз основа на одредбите на овој Статут.

**Член 49**

**Приходот на Буџетот на БВЗ се состои од**:

1. Приходот на теќиите,
2. Донациите на мухиби и ашици,
3. Субвенции од државата или структури на меѓународни бекташиски организации, и по основ на разни донации, и
4. Наем на обичниот имот, сопственост на БВЗ.

**Член 50**

Секој мухиб, може да се задолжи да оформи вакуф наме (свети гроб-мевзолеј), и да води евиденција во службената книга на теќето.

Мухибот на “Вакуф наме“ , води евиденција за објектот на задушнината на вакуфот и за неговата желба, задушнината да се употреби целосно или делумно, во зависност со намената што го определува вакуфот.

**Член 51**

Буџетот составен врз основа на претходните ставки се извршува со наплатување на приходот и расходот на средствата во рамките на определениот износ и определената намена.

Вирманизација на расходите е дозволена само во рамки на иста или потребна позиција.

Ребалансот според истите или потребните позиции, го врши Советот на БВЗ, со посебно образоложение по повод донесувањето на завршната сметка на усвојување.

**Член 52**

Претседателот на Советот располага со буџетските средства на БВЗ, и тој ја застапува заедницата во платниот промет во земјата. Исто така, Претседателот на Советот може да овласти и друго лице да ја застапува заедницата во платниот промет во земјата.

Административно – техничките работи на буџетот ги врши службата за книговодство и останатиот технички персонал, ангажиран за таа намена.

**Член 53**

Завршната сметка на извршување на буџетот ја усвојува Советот, најдоцна до 28 Fevruari, наредната година.

Бришењето на побарувањата ги врши Советот на првата наредна седница.

**Член 54**

Советот е должен повремено да изврши контрола на материјално - финансиската работа на сите верски институции од неговото подрачје. Наредба за контрола дава Дедото, а извештајот за извршената контрола го разгледува Советот на првата наредна седница.

**Член 55**

Ако се утврди врз основа на извештајот, дека имало неправилности или злоупотреби, во материјално-финансиското работење, а со тоа и е нанесена материјална штета на БВЗ, Советот е должен да презема мерки против одговорните лица кои ја нанеле штетата.

**Член 56**

Советот може да бара писмен извештај од институциите кои спаѓаат под негова контрола за материјално финансиската работа и состојба.

**Член 57**

Со приходот на БВЗ се намируваат:

1. Трошоците за обавување на бекташискиот култ,
2. Трошоците за исхрана и облекување на свештениците,
3. Трошоците за плати на административно техничкиот персонал на дедовството односно татковството,
4. Обавување на верските церемони околу посветувањата и другите ритуали,
5. Помошта што им се доделува на теќиите со помали приходи , и
6. Трошоците за одржување и зголемување на имотот на БВЗ.

## *VIII. ПРАЗНИЦИ И СЛУЖБЕНИ БЕЛЕЗИ НА БВЗ*

**Член 58**

На мухибите кои вршат повисоки служби, поголеми дела во полза на Бекташизмот се доделуваат почесни чинови и тоа “Дервиш“ , “Татко“ и “Дедо“. Чиновите ги доделува соодветното свештенство во зависност од чинот, и тоа секогаш по предлог на старешината на односното теќе и по согласност на Советот и мухибите.

**Член 59**

Бекташиски службени празници се “Денот Ашуре Мухарем“ и “денот на Невруз“ (22 Март).

**Член 60**

Верското знаме на Бекташиската заедница се состои од: зелено поле украсено на средина има теслим таш на кое се положени унакрсно два житна класја.

## *IX. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ*

**Член 61**

Правата и обврските на органите, процедурата за засниваење и престанок на работен однос на верски и административно – технички службеници и работници на БВЗ, како и нивните лични доходи и други лични примања, потоа дисциплинската и материјалната одговорност, се уредуваат со овој статут, други акти донесени од Советот на БВЗ (одлуки, индивидуални договори, колективни договори и сл.) и позитивните законски прописи во РМ.

**Член 62**

Никој не може да носи бекташиско одело без одобрение од Дедото односно Таткото.

**Член 63**

Родителствата и дервишиите кои се затекнале на служба на денот на усвојувањето на овој Статут, продолжуваат со работа до целосното усогласување на овој Статут со светското врховно Дедовство.

**Член 64**

Овој Статут влегува во сила па денот на неговото донесување.

Совет на БВЗ,
Овластено лице,

___________________________
/Исмет Килоси/